АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04. 01. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 10 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт –импорт Скопје, издавач на неделниот весник ,,Јени Балкан" и Друштвото за производство , услуги и трговија на голема и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на месечниот магазин ,,Заман шќип", и тоа:

   2.1 изданието бр.590 на неделниот весник ,,Јени Балкан".од 28 декември 2015 година.

   2.2 Изданието бр.121 на месечниот магазин ,,Заман шќип" од јануари 2016

3. **Датум на извршување на надзорот:** 04 јануари 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми постапиле во целост, делумно или не постапиле по решенијата за преземање мерка – опомена, упатени од Агенцијата по извршен редовен, односно вонреден административен надзор. Редовниот административен надзор над Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт –импорт Скопје, издавач на неделниот весник ,,Јени Балкан",беше извршен на 01.12.2015 година додека пак вонредниот административен надзор над Друштвото за производство , услуги и трговија на голема и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на месечниот магазин ,,Заман шќип" беше извршен на 25.11.2015 година. Со двата надзора беше констатирано дека овие издавачи на печатени медиуми само делумно ја исполниле обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*.

## 5. Претходно изречена мерка:

5.1 Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1194 од 03.12.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт –импорт Скопје, издавач на неделниот весник ,,Јени Балкан

5.2 Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1173 од 27.11.2015 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за производство , услуги и трговија на голема и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на месечниот магазин ,,Заман шќип"

## 6.Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор е констатирано дека издавачите на печатени медиуми кои се предмет на надзорот во целост постапиле по решенијата и ги отстраниле прекршувањата на член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***